


# АНАЛИЗА НА ПРЕДЛОГ-БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2018

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

CEA
Center for Economic Analyses

**Проект:**
“Поддршка на македонската парламентарна реформа”

**Имплементатор:**
Фондација за демократија на Вестминстер (Македонија)

**Изработено од:**
Центар за економски анализи (ЦЕА)

**Автори:**
Марјан Николов
Габриела Димовска
Ивана Велковска

**Уредници:**
Дамир Незири
Емил Атанасовски

**Ноември, 2017**

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамките на проектот “Поддршка на македонската парламентарна реформа“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасда Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

# АНАЛИЗА НА ПРЕДЛОГ-БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2018

Ноември 2017

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ..... 5

**ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 г** ..... 7

**КОНСОЛИДИРАН БУЏЕТ** ..... 7

**БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 г** ..... 11

**Економска класификација – Буџет на Република Македонија по ставки** ..... 11

**Функционална класификација – Функции на Буџет на Република Македонија** ..... 22

**Програмска класификација – Владини програми** ..... 24

**ЦЕНТРАЛЕН БУЏЕТ** ..... 28

**Организациска класификација – Расходи на Централен буџет по буџетски корисници** ..... 28

**ТРАНСФЕРИ НА БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО ОПШТИНИ** ..... 32

**ИЗВОРИ** ..... 33

# ВОВЕД

**Предлог-буџетот за 2018 година,** кој е предмет на анализа во овој документ, е усвоен од страна на Владата на 37-та седница, одржана на 9 ноември 2017 година. Заедно со Предлог-буџетот, **Владата ја донесе и Фискалната стратегија за 2018 – 2020 година, со задоцнување од 5 месеци во однос на законски утврдениот рок, 31 мај 2017 година.** Таа е доставена до Собранието на Република Македонија како придружен материјал на Предлогбуџетот за 2018 година наменет за информирање на пратениците. Фискалната стратегија во континуитет се носи многу подоцна од утврдениот законски рок. На пример, Фискалната стратегија 2017 – 2019 е донесена во октомври 2016 година.

По утврдувањето на **стратешките приоритети, Владата** изготвува ***Фискална стратегија***[1], како среднорочна фискална рамка за период од три години, која ги дефинира насоките и целите на фискалната политики и ги утврдува износите за главните категории на проценетите приходи и одобрените средства за тој период.

Бидејќи Фискалната стратегија е донесена со задоцнување, не може јасно да се утврди кои стратешки приоритети се следени при изготвување на Предлог-буџетот, имајќи предвид дека документот е неопходен при изготвување на Буџетскиот циркулар, кој, пак, треба да ги утврди лимитите за секој буџетски корисник.

Разликите и сличностите во стратешките приоритети опфатени во Фискалната стратегија 2017 – 2019 и Фискалната стратегија 2018 – 2020 се следни:

| Стратешки приоритети – Фискална стратегија 2017 – 2019 | Стратешки приоритети – Фискална стратегија 2018 – 2020 |
|---|---|
| • зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот;<br>• интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО;<br>• бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото;<br>• одржување добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и еднаков третман на сите пред законот;<br>• инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано врз знаење. | • развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;<br>• интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО;<br>• одлучна и неселективна борба со организиран криминал и корупција;<br>• владеење на правото и изградба на независни институции;<br>• реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;<br>• реформи во правосудството;<br>• целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување. |

[1] Фискална стратегија на РМ 2018 – 2020 http://www.finance.gov.mk/files/u3/Fiskalna%20Strategija%20na%20RM%202018-2020.pdf

Во однос на макроекономските индикатори, предвидувањата на Владата во 2017 и 2018 година се следни:

| Макроекономски индикатори | | |
|---|---|---|
| **Индикатор:** | Предлог-буџет 2017 | Предлог-буџет 2018 |
| **Реален раст на БДП** | 3% | 3,2% |
| **Стапка на инфлација** | 1% | 1,7% |
| **Буџетски дефицит** | 18.607.000.000 | 18.233.000.000 |
| **Буџетски дефицит во % од БДП** | 3% | 2,7% |
| **Јавен долг како % од БДП**[2] | 53,1% | 52,4% |

[2] Фискална стратегија на РМ за 2017 – 2019 и Фискална стратегија на РМ за 2018 – 2020.

# Предлог-буџет на Република Македонија за 2018 г. КОНСОЛИДИРАН БУЏЕТ

Вкупните приходи на Консолидираниот буџет/Буџетот на Република Македонија за 2018 година се планираат на 193.512 милиони денари, додека, пак, расходите се планирани да достигнат до 211.745 милиони денари. Нивото на приходи и расходи навестуваат намалување на буџетскиот дефицит од планираните 3% во 2017 година, на 2,7% во 2018 година.

**Буџетски дефицит (во мил.ден)**




**Буџетски дефицит 2018-2017 (во %)**



| Консолидиран буџет (во мил. денари) | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис** | **Предлог-буџет 2017** | **Предлог-буџет 2018** | **Промена (%)** |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 187.612 | 193,512 | **3%** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **160.746** | **170.200** | **6%** |
| Даночни приходи | 108.867 | 114.797 | **5%** |
| Придонеси | 51.879 | 55.403 | **7%** |
| **Неданочни приходи** | **17.516** | **17.201** | **-2%** |
| **Капитални приходи** | **2.613** | **1.510** | **-42%** |
| **Донации** | **6.737** | **4.601** | **-32%** |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 206.219 | 211.745 | **3%** |
| **Тековни расходи** | **179.265** | **187.100** | **4%** |
| Плати и надоместоци | 26.771 | 27.103 | **1%** |
| Стоки и услуги | 19.610 | 17.463 | **-11%** |
| Трансфери до ЕЛС | 17.117 | 17.947 | **5%** |
| Субвенции и трансфери | 14.832 | 17.209 | **16%** |
| Социјални бенефиции | 92.720 | 98.694 | **6%** |
| Каматни плаќања | 8.215 | 8.684 | **6%** |
| **Капитални расходи** | **26.954** | **24.645** | **-9%** |
| БУЏЕТСКО САЛДО | -18.607 | -18.233 | **-2%** |
| ФИНАНСИРАЊЕ | 18.607 | 18.233 | **-2%** |
| **Прилив** | **37.133** | **40.897** | **10%** |
| Домашни извори | 17.834 | 17.700 | **-1%** |
| Странски извори | 17.634 | 34.839 | **98%** |
| Депозити („-“ е кумулирање на сметка) | 1.665 | -11.642 | **-799%** |
| **Одлив** | **18.526** | **22.664** | **22%** |
| Отплата на домашно задолжување | 9.232 | 12.246 | **33%** |
| Отплата на странско задолжување | 9.294 | 10.418 | **12%** |

Проекциите за вкупните приходи во 2018 година се поголеми за 3% во однос на оние од 2017 година, и тоа се должи најмногу на порастот на даночните приходи (за 6% повеќе во однос на 2017 г.). Од друга страна, пак, се очекува значителен пад на капиталните приходи (за 42%) и на донациите (пад за околу 32%) во однос на планираните приходи од 2017 година.

**Структура на приходи (во мил. ден)**




**Промена во структура на приходи 2018/2017 (во %)**




Планираните расходи, пак, се проценуваат за бидат поголеми за 3% во однос на планирањата од претходната година. Според презентираниот Предлог-буџет, единствено кратење во тековните расходни има во ставката Стоки и услуги, и тоа за 11%, и во Капиталните расходи за 9%, додека, пак, значително зголемување на расходите има во делот Субвенции и трансфери, и тоа за 16% од претходно планираните средства. Интересно е да се истакне дека ставката Субвенции и трансфери во 2017 година била планирана на 92.720 милиони денари, со последниот Ребаланс била зголемена на била 94.796 мил. ден., а во 2018 г. е планирано да достигне до 98.694 мил. ден. Платите и надоместоците се зголемени само за 1%, а другите тековни и капитални расходи се зголемуваат во просек по околу 5%

**Структура на расходи (во мил. ден)**




**Промена во структура на расходи во 2018 (во %)**




Она што може да се забележи од прикажаните податоци е дека Владата настојува постепено да го намали буџетскиот дефицит, и тоа на 2,7% од претходната година, односно за 0,3 процентни поени како процент од БДП. Промената во апсолутниот дефицит се очекува да биде намалување за 2%, односно за 36.840 мил. денари. Задолжувањето во странство се очекува да се зголеми за 98%, споредено со првично планираниот Буџет за 2017 година. Проектирани се и значителни отплати на долговите, и тоа за 33% на домашниот пазар и за 12% поголеми отплати во споредба со 2017 г. на странскиот пазар. Депозитите што негативно се зголемуваат во 2018 година се однесуваат на средствата што се кумулираат на депозитните сметки во НБРМ.

| Буџетски дефицит (во мил. денари) | ПБ 2017 | ПБ 2018 | Промена |
|---|---|---|---|
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **18.607** | **18.233** | **-2%** |
| **Прилив** | **37.133** | **40.897** | **10%** |
| Домашни извори | 17.834 | 17.700 | **-1%** |
| Странски извори | 17.634 | 34.839 | **98%** |
| Депозити („-“ е кумулирање на сметка) | 1.665 | -11.642 | **-799%** |
| **Одлив** | **18.526** | **22.664** | **22%** |
| Отплата на домашно задолжување | 9.232 | 12.246 | **33%** |
| Отплата на странско задолжување | 9.294 | 10.418 | **12%** |

# БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 г.

Буџетот може да биде прикажан на неколку начини, односно според различни буџетски класификации[3]. Класификациите се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства со буџетот при извршувањето на буџетот и за изготвување на потребните анализи, извештаи и годишната сметка.
Буџетот на Република Македонија се прикажува на следните буџетски класификации:

- **економска класификација** – претставува структура на шифри за класифицирање планирани и реализирани приходи и приливи, одобрени средства со буџетот, права за трошење, преземени обврски и реализирани расходи и одливи. Во суштина, економската класификација ги прикажува сите ставки што го полнат Буџетот и ставките за кои се троши буџетот;

- **функционална класификација** – претставува класификација на функциите на централната власт и општините согласно прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите Нации;

- **програмска класификација** – претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот;

- **организациска класификација** – претставува структура на шифри за класифицирање на буџетските корисници и нивните структурно подредени единици во хиерархиската организациска структура на државата.

# Економска класификација – Буџет на Република Македонија по ставки

Од големо значење е да се направи разлика помеѓу Буџет на Република Македонија и Централен буџет.

Имено, Законот за буџети ги дава следните дефиниции:

**Буџетот на Република Македонија** е акт со кој се планираат годишните приходи и другите приливи и одобрени средства, и ги вклучува централниот буџет и буџетите на фондовите.
Централниот буџет е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

[3] Закон за буџетите, Член 13 – Буџетски класификации.

| Буџет на РМ по ставки - економска класификација (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис** | **Предлог-буџет 2017** | **Предлог-буџет 2018** | **Промена (%)** |
| Вкупни приходи | 224.746.501 | 234.408.721 | **4%** |
| Даночни приходи | 160.746.814 | 170.201.737 | **6%** |
| Неданочни приходи | 13.843.817 | 12.525.938 | **-10%** |
| Капитални приходи | 2.612.500 | 1.509.505 | **-42%** |
| Трансфери и донации | 8.111.541 | -7.443.422 | **-192%** |
| Домашно задолжување | 17.824.000 | 17.700.200 | **-1%** |
| Задолжување во странство | 21.147.829 | 39.514.763 | **87%** |
| Продажба на хартии од вредност | 10.000 | 0 | **-100%** |
| Приходи од отплата на заеми | 450.000 | 400.000 | **-11%** |
| Вкупни расходи | 224.746.501 | 234.408.721 | **4%** |
| Плати и надоместоци | 26.771.550 | 27.102.628 | **1%** |
| Резерви и недефинирани приходи | 150.000 | 200.000 | **33%** |
| Стоки и услуги | 42.926.749 | 42.365.162 | **-1%** |
| Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа | 17.117.035 | 17.946.720 | **5%** |
| Каматни плаќања | 8.214.454 | 8.683.770 | **6%** |
| Субвенции и трансфери | 14.844.336 | 17.217.661 | **16%** |
| Социјални бенефиции | 69.240.828 | 73.584.200 | **6%** |
| Капитални расходи | 26.955.195 | 24.644.070 | **-9%** |
| Отплата на главнина | 18.526.354 | 22.664.510 | **22%** |

| Приходи на Буџет на РМ (во илјади ден) | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис** | **Предлог-буџет 2017** | **Предлог-буџет 2018** | **Промена (%)** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **224.746.501** | **234.408.721** | **4%** |
| **Даночни приходи** | **160.746.814** | **170.201.737** | **6%** |
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 26.938.300 | 30.238.000 | 12% |
| Придонеси за социјално осигурување | 51.878.851 | 55.403.000 | 7% |
| Домашни даноци на стоки и услуги | 75.300.363 | 77.782.037 | 3% |
| Данок на меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 5.043.000 | 5.328.000 | 6% |
| Еднократни посебни такси | 0 | 0 | н.а. |
| Даноци за специфични услуги | 0 | 0 | н.а. |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1.586.300 | 1.450.700 | -9% |
| **Неданочни приходи** | **13.843.817** | **12.525,938** | **-10%** |
| Претприемачки приход и приход од имот | 501.972 | 264,238 | -47% |
| Глоби, судски и административни такси | 2.371.628 | 2.092,182 | -12% |
| Такси и надоместоци | 4.189.939 | 4.023,056 | -4% |
| Други владини услуги | 4.347.964 | 4.241,454 | -2% |
| Други неданочни приходи | 2.432.314 | 1.905,008 | -22% |
| **Капитални приходи** | **2.612.500** | **1.509,505** | **-42%** |
| Продажба на капитални средства | 1.000.000 | 200,000 | -80% |
| Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 1.011.495 | 606.500 | -40% |
| Приходи од дивиденди | 601.,005 | 703.005 | 17% |
| **Трансфери и донации** | **8.111.541** | **-7.443.422** | **-192%** |
| Трансфери од други нивоа на власт | 1.824.088 | -11.462.448 | -728% |
| Донации од странство | 6.276.758 | 4.011.216 | -36% |
| Капитални донации | 1.160 | 1.160 | 0% |
| Тековни донации | 9.535 | 6.650 | -30% |
| **Домашно задолжување** | **17.824.000** | **17.700.200** | **-1%** |
| Долгорочни обврзници | 17.824.000 | 17.700.200 | -1% |
| **Задолжување во странство** | **21.147.829** | **39.514.763** | **87%** |
| Меѓународни развојни агенции | 8.608.385 | 6.147.763 | -29% |
| Странски влади | 239.444 | 0 | -100% |
| Други задолжувања во странство | 12.300.000 | 32.734.000 | 166% |
| **Продажба на хартии од вредност** | **10.000** | **0** | **-100%** |
| Продажба од хартии од вредност | 10.000 | 0 | -100% |
| **Приходи од отплата на заеми** | **450.000** | **400.000** | **-11%** |
| Приходи од наплатени дадени заеми | 450.000 | 400.000 | -11% |

Буџетот на РМ во 2018 г. се проценува дека ќе биде поголем за 4% во споредба со планираниот буџет во 2017 г. Најголема промена на приходната страна се очекува да настане во ставката Задолжување во странство, и тоа со зголемување за 87%. Најголемо процентуално намалување во однос на претходната година се очекува да има во ставката Капитални приходи, и тоа со намалување од 42%, но, исто така, значајни се да се спомнат и намалувањата на планираните приходи до отплата на заеми (-11%) и неданочните приходи (10%).

**Структура на приходите во вкупните приходи-**
**Буџет на РМ по ставки (во илјади денари)**




**Промена во структура на приходите во вкупните приходи-**
**Буџет на РМ по ставки во 2018/2017 (во %)**




Како што може да се забележи од графиконот погоре, даночните приходи се доминантни во приходната страна на буџетот, и тоа со 73% во 2018 година. По нив, учество од 17% (9% во 2017) заземат приходите од задолжување во странство, па домашното задолжување со 8% во двете години.
Структурата на одделните ставки на приходите и нивните разлики во однос на претходната година се прикажани на следните графикони:

### Даночни приходи (Буџет на РМ, во илј.ден)




### Промена во даночни приходи во 2018/2017 (во %)




### Неданочни приходи (Буџет на РМ, во илј.ден)




### Промена во неданочни приходи во 2018/2017 (во %)



Капитални приходи (Буџет на РМ, во илј.ден)




Промена во капитални приходи во 2018 (во %)




Владата на РМ во следната година ги сведува на минимум плановите да продава капитални средства или државно земјиште, со оглед на високите разлики, односно драстичните намалувања во планирањата за прибирање приходи од тие ставки (приходи од продажбата на капитални средства намалена за 80%, а на државно земјиште за 40%).

Како што беше споменато претходно, во Предлог-буџетот за 2018 година се планира значително задолжување во странство, односно зголемување за 166% на ставката Други задолжувања во странство. Задолжувањето кај Меѓународни развојни агенции е намалено за 29% во однос на претходната година.

**Приходи од задолжувања -Буџет на РМ (во илјади денари)**




**Промена во приходи од задолжувања - Буџет на РМ во 2018/2017 (во %)**




На расходната страна, пак, најголемо позначително зголемување на планираните расходи има во ставката Отплата на главнина, и тоа за 18%, односно таа ќе изнесува 22.664.510 илјади денари, што веројатно се должи на достасана рата за задолжување во странство. Ставката Субвенции и трансфери има, исто така, значителен процент на зголемување во однос на претходната година, и тоа за 14%. Следната година, Владата значително ќе ги поддржи јавните претпријатија со планирани субвенции од 1.649.000 илјади денари.

**Учество на расходите во вкупните расходи- Буџет на РМ, (во илјади ден.)**




**Промена во учество на расходите во вкупните расходи- Буџет на РМ во 2018/2017 (во %)**



Како што може да се забележи од графиконот погоре, најголем процент од вкупните расходи отпаѓаат за Социјални бенефиции, а тука спаѓаат плаќањата за надоместоци на Фондот за здравствен осигурување, пензискиот фонд и Агенцијата за вработување.

| Расход на Буџет на РМ (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|
| Опис | Предлог-буџет 2017 | Предлог-буџет 2018 | Промена (%) |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **224.596.501** | **234.408.721** | **4%** |
| **Плати и надоместоци** | **26.771.550** | **27.102.628** | 1% |
| Основни плати | 19.096.559 | 19.387.720 | 2% |
| Придонеси за социјално осигурување | 7.627.822 | 7.668.817 | 1% |
| Надоместоци | 47.169 | 46.091 | -2% |
| **Резерви и недефинирани приходи** | **150.000** | **200.000** | 33% |
| Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | 100.000 | 0% |
| Тековни резерви (разновидни расходи) | 50.000 | 100.000 | 100% |
| **Стоки и услуги** | **42.926.749** | **42.365.162** | -1% |
| Патни и дневни расходи | 866.248 | 770.692 | -11% |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.900.964 | 3.693.893 | -5% |
| Материјали и ситен инвентар | 3.720.596 | 3.677.532 | -1% |
| Поправки и тековно одржување | 1.957.459 | 1.773.708 | -9% |
| Договорни услуги | 30.309.421 | 30.893.961 | 2% |
| Други тековни расходи | 2.120.885 | 1.476.448 | -30% |
| Привремени вработувања | 51.176 | 78.928 | 54% |
| **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **17.117.035** | **17.946.720** | 5% |
| Дотации од ДДВ | 2.130.000 | 2.207.385 | 4% |
| Наменски дотации | 313.000 | 313.000 | 0% |
| Блок дотации | 14.674.035 | 15.426.335 | 5% |
| **Каматни плаќања** | **8.214.454** | **8.683.770** | 6% |
| Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 5.612.074 | 5.518.670 | -2% |
| Каматни плаќања кон домашни кредитори | 2.602.380 | 3.165.100 | 22% |
| **Субвенции и трансфери** | **14.844.336** | **17.217.661** | 16% |
| Субвенции за јавни претпријатија | 429.550 | 1.649.000 | 284% |
| Субвенции за приватни претпријатија | 125.500 | 150.400 | 20% |
| Трансфери до невладини организации | 378.092 | 455.935 | 21% |
| Разни трансфери | 13.698.844 | 14.808.976 | 8% |
| Исплата по извршени исправи | 212.350 | 153.350 | -28% |
| **Социјални бенефиции** | **69.240.828** | **73.584.200** | 6% |
| Социјални надоместоци | 7.864.202 | 8.044.700 | 2% |
| Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 56.816.000 | 60.547.000 | 7% |
| Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 1.660.626 | 1.942.500 | 17% |
| Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 2.900.000 | 3.050.000 | 5% |
| **Капитални расходи** | **26.955.195** | **24.644.070** | -9% |
| Купување на опрема и машини | 3.770.508 | 3.368.491 | -11% |
| Градежни објекти | 1.236.407 | 741.149 | -40% |
| Други градежни објекти | 15.132.288 | 12.478.185 | -18% |
| Купување мебел | 246.112 | 287.715 | 17% |
| Стратешки стоки и други резерви | 976.400 | 986.400 | 1% |
| Вложувања и нефинансиски средства | 1.290.011 | 1.341.124 | 4% |
| Купување на возила | 173.329 | 135.527 | -22% |
| Капитални дотации до ЕЛС | 718.610 | 956.437 | 33% |
| Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 3.411.530 | 4.349.042 | 27% |
| **Отплата на главнина** | **18.526.354** | **22.664.510** | 22% |
| Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 9.222.964 | 10.418.510 | 13% |
| Отплата на главнина кон домашни институции | 9.303.390 | 12.246.000 | 32% |

Структурата на некои поголеми ставки во расходната страна на Буџетот на Република Македонија е илустрирана во графиконите подолу.

Расходната ставка Плати и надоместоци не бележи некои посебни промени. Промените се движат од 1% до 2% во споредба со планирањата од претходната година. Единствено се очекува да бидат намалени во потставката за надоместоци.

**Промена на расходи Плати и надоместоци- Буџет на РМ по ставки- 2018 споредено со 2017 (во %)**




Ставката Договорни услуги е најголема ставка во оваа категорија и е планирано да се зголеми за 2%. Ставката Стоки и услуги е втора по големина значајна ставка на расходната страна на Буџетот на РМ. Во ставката Стоки и услуги има тенденција на намалување на помалите ставки како други тековни расходи, ситен инвентар, патни и дневни расходи, како и ситен инвентар, и тоа за некои проценти што се движат од 1% до 10% намалување, додека потставката Привремени вработувања е планирано да се зголеми за 54% во споредба со Предлог-буџетот од 2017 година.

**Промена во Стоки и услуги- Буџет на РМ по ставки -2018 во споредба со 2017**



Во ставката Субвенции и трансфери, која генерално ќе се зголеми за 16% во 2018 година, најголем дел отпаѓа на ставката Субвенции за јавни претпријатија и ќе се зголеми за 284%. Оваа ставка генерално се однесува на издвојувањето средства за МРТВ што може да се забележи разгледувајќи ги развојните потпрограми. Исто така, предвидено е и зголемување на ставката Трансфери до невладини организации, и тоа за 21%. Најголема ставка во субвенции и трансфери е ставката Разни трансфери, која, пак, ќе се зголеми во однос на ланскиот предлог-буџет за 8%.




Во однос на капиталните расходи, иако најголема ставка е Други градежни објекти, оваа ставка е предвидено да биде намалена за 18%. Исто така, иако е мала во споредба со другите ставки, Купување возила ќе се намали за 22%, како и Купување опрема и машини за 11%. Единствено во оваа категорија ставки ќе се зголемат Капиталните субвенции за претпријатија и невладини организации (27%), Капиталните дотации до ЕЛС (33%), како и Купување мебел (17%).



Тековните трансфери до ЕЛС ќе се зголемат за 5%, и тоа за Дотациите од ДДВ и Блок дотациите, додека, пак, кај наменските дотации нема промена.

Главните проекти што ги презентираше Владата при презентирањето на Предлог-буџетот се следните:

Патна и железничка инфраструктура – 3,5 милијарди денари
- Завршување патна делница Д. Капија – Смоквица
- Реконструкција на железничка инфраструктура од Коридор X
- Интензивирање на изградбата на жел. пруга од Коридор VIII
- Доизградба на железничка пруга Битола – Кременица
- Изградба на патна секција Градско – Дреново

Комунална и енергетска инфраструктура – 5,9 милијарди денари
- Национален гасоводен систем
- Водоводи и канализации во многу населени места
- Пречистителни станици
- Рамномерен регионален развој

Инвестиции во ТИРЗ – 431 милион денари

Образование и спорт – 2,4 милијарди денари
- Детски градинки
- Основни и средни училишта и ученички домови
- Универзитети и студентски домови
- Спортски објекти

Здравство – 1,9 милијарди денари
- Реконструкција на јавни здравствени установи
- Реконструкција на клинички центри
- Медицинска опрема

Одбрана – 1 милијарда денари
Правосудство – 531 милион денари
Јавен ред и безбедност – 917 милиони денари



Со Предлог-буџетот за 2018 г., проекциите покажуваат дека отплатата на главнината ќе биде повисока од минатата година за 22%, и тоа со зголемување од 32% во споредба со ланскиот буџет во ставката Отплата на главнина кон домашни институции, и 13% во ставката Отплата на главнина до нерезидентни кредитори.

# Функционална класификација – Функции на Буџет на Република Македонија

Следејќи ги двата Предлог-буџети од 2017 и 2018 година, може да се забележи дека различно министерство (со оглед на тоа што имаше промена на власта од мај 2017 г.) различно го изразува Буџетот според функциите што ги врши Владата. Имено, во 2017 година, Министерството за финансии ги прикажува Буџетските расходи по функции на Централен буџет, додека, пак, во 2018 година се прикажуваат Буџетските расходи по функции на Буџет на Република Македонија.

Генералните ставки на функциите на Централниот буџет за 2017 г. и Буџетот на РМ за 2018 г. се прикажани на следната табела:

**Буџетски расходи по функции на Централен буџет за 2017/Буџет на РМ за 2018**

| Опис | Предлог-буџет 2017 | Предлог-буџет 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|
| Општи јавни служби | 23.755.487 | 19.170.917 | -19% |
| Одбрана | 6.466.753 | 6.602.206 | 2% |
| Јавен ред и мир | 14.919.087 | 14.509.544 | -3% |
| Економски работи | 43.175.549 | 49.529.544 | 15% |
| Заштита на животна средина | 1.181.824 | 931.280 | -21% |
| Живеалишта и развој на заедницата | 4.139.693 | 5.415.266 | 31% |
| Здравство | 5.650.771 | 32.592.749 | 477% |
| Рекреација, култура и религија | 5.016.196 | 5.054.510 | 1% |
| Образование | 25.492.754 | 25.413.663 | 0% |
| Социјална заштита | 41.489.191 | 75.189.042 | 81% |
| **Вкупни расходи по функции** | **171.287.305** | **234.408.721** | **37%** |

**Структура на расходи по функции на Централен буџет на РМ**




**Промена на структура на расходи по функции на Централен буџет на РМ во 2018 г. (во %)**




Бидејќи се работи за различна методологија во 2017 и 2018 г. при прикажувањето на Буџетот по функционална класификација, тешко е да се направи споредба меѓу двата Предлог-буџети. Имено, според табелата, но и илустративно покажано на следниот графикон, може да се забележи разлика во планираните расходи за здравство, и тоа со 477%. Голема разлика во планираните расходи има и во ставката Социјална заштита, и тоа со 81%. Тука треба да се земе предвид дека во 2018 година, во функционалната класификација се вклучени и Фондот за пензиско и инвалидско, Фондот за здравствено осигурување, како и Агенцијата за вработување. Па така, кај функциите што се директно поврзани со овие институции има најголеми промени. Ставката Образование останува на истото ниво, а тука некаде се и расходите за Рекреација, култура и религија, како и за одбрана. Значително намалување на расходите во споредба со буџетот од претходната година има во ставките Заштита на животната средина (-21%), Општи јавни служби (-19%), како и Јавен ред и мир (-3%).

Според структурата на расходите по функции на Буџет на РМ за 2018 г. во вкупните расходи, најголема ставка е Социјална заштита со 32% учество, а по нив се Економските работи со 21% учество и Здравство со 14%.

**Буџетски расходи по функции - Буџет на РМ за 2018**



# Програмска класификација – Владини програми

Исто како и во функционалната класификација, Министерството за финансии во 2017 и 2018 година различно го изразува Буџетот според Владините програми. Имено, во 2017 година, Министерството за финансии ги прикажува Владините програми на Централен буџет, додека, пак, во 2018 година се прикажуваат Владини програми на Буџет на РМ.

Генералните ставки на Владините програми на Централниот буџет за 2017 г. и Буџетот на РМ за 2018 г. се прикажани на следната табела:

| Владини програми на Централен буџет за 2017/Буџет на РМ за 2018 (во илјади ден) | | | |
|---|---|---|---|
| Опис | Предлог-буџет 2017 | Предлог-буџет 2018 | Промена (%) |
| Децентрализација | 17.117.035 | 17.946.720 | 5% |
| Мерки за намалување на сиромаштијата | 12.153 | 1.462.650 | 11.935% |
| Унапредување на одбраната и безбедноста | 151.000 | 935.000 | 519% |
| Јакнење на владеењето на правото | 35.720 | 22.160 | -38% |
| Економски развој | 3.274.236 | 4.400.594 | 34% |
| Реформа во јавна администрација | 598.595 | 590.909 | -1% |
| Интеграција во ЕУ | 9.458.613 | 5.324.805 | -44% |
| Информациски и комуникациски технологии | 147.934 | 1.336.540 | 803% |
| Регионален развој | 229.135 | 328.373 | 43% |
| Унапредување на животната средина | 188.730 | 166.510 | -12% |
| Инвестиции во образованието | 1.291.742 | 899.794 | -30% |
| Вкупно | 32.504.893 | 33.414.055 | 3% |

Од табелата може да се забележи дека Владината програма Мерки за намалување на сиромаштијата значително се зголемува, и тоа за речиси 12 илјади проценти. Сепак, како што дадовме објаснување во делот на функционалната класификација, практично, невозможно е да се посредуваат двата предлог-буџети и во програмската класификација бидејќи во 2018 г. се опфатени и фондовите и Агенцијата за вработување, кои, пак, директно влијаат врз програмата Мерки за намалување на сиромаштијата.

На следниот графикон се претставени промените на другите владини програми, и од него може да се забележи дека средствата за Информациски и комуникациски технологии ќе се зголемат за малку повеќе од 800%, но и дека средствата за Унапредување на одбраната и безбедноста ќе се зголемат за 519%. Во програмата Информациски и комуникациски технологии се вклучени расходите за радиодифузна дејност. Намалување од 38% ќе има во Владината програма Јакнење на владеењето на правото, Инвестиции во образованието со -30%, и Интеграции во ЕУ, со намалување од 44% во споредба со претходната година.

**Промена на расходи за Владини програми во 2018 споредено со 2017 година**




Најголемо учество имаат расходите за Децентрализација, и тоа со 54%, а следни со значително учество во вкупно планираните расходи за владини програми се Интеграцијата во ЕУ со 16% и Економскиот развој со 13%. Вкупните средства што се планирани да ги покријат владините програми се проценети на 33.414.055 илјади денари.

**Учество на расходите за Владини програми во вкупните расходи за Владини програми -2018**



Врз основа на податоците што Министерството за финансии ги обезбедува во Предлог-буџетот во делот на Буџетски програми и индикаторите што се наведени како број на вработени и оперативни трошоци по вработен, ги сумираме институциите – Буџетските програми што за 2018 година предвидуваат намалување значителен број вработени. Релативната вредност на намалување на вработените ја илустрираме заедно со релативната вредност на промената на оперативните трошоци по вработен.

Во апсолутна вредност, во 2018 година се очекува бројот на вработени во Министерството за внатрешни работи да се намали за 147 работници, а тоа е 1% помалку од вкупните вработени во МВР од претходната година, додека, пак, се предвидува оперативните трошоци по вработен да се намалат за 3%. Како што може да се види од графиконот прикажан подолу, иако Судската власт ќе го намали бројот на вработени за 2%, оперативните трошоци по вработен ќе се зголемат за 509%. Исто така, се очекуваат големи промени и во Агенцијата за странски инвестиции со намалување на бројот на вработени за 33% и намалување на оперативните трошоци по вработен за 74%.

**Намалување на број на вработени и промена на оперативни трошоци по вработен**




Од друга страна, пак, во апсолутен износ се предвидува најголем број вработувања да има во Министерството за образование и наука, и тоа со нови 240 вработени, што е, пак, 4% повеќе од оние во 2017 година, додека, пак, оперативните трошоци по вработен се очекува да се зголемат за 30%. Во институцијата Претседател на РМ се предвидува дека бројот на вработени ќе се зголеми за 7% повеќе од лани, додека, пак, оперативните трошоци ќе се намалат за 8%. Слична ситуација има во Агенцијата за разузнавање, каде што се очекува да има 11% повеќе вработени од лани, а трошоците по вработен да се намалат за 7%.




Во 2017 година, во Предлог-буџетот е наведено дека во сите институции – буџетски корисници, бројот на вработени ќе изнесува 53.275, додека, пак, во 2018 г. бројот на вработени ќе се намали на 52.355 , што претставува намалување за 920 вработени или 1,73%.



# ЦЕНТРАЛЕН БУЏЕТ

## Организациска класификација – Расходи на Централен буџет по буџетски корисници

Во 2018 година, Владата ќе обезбедува средства за 93 буџетски корисници (не сметајќи ги фондовите и Агенцијата за вработување). Според Предлог-буџетот, најголемо учество во вкупните расходи за буџетските корисници отпаѓа на Министерството за труд и социјална политика и на Министерството за финансии – функции на државата, и тоа со 20% од вкупните расходи по буџетски корисник.

**Учество на буџетските корисници во вкупните расходи-Централен буџет 2018**




Притоа, најголемо зголемување на буџетот од најголемите 10 буџетски корисници има кај расходите за Влада на РМ, и тоа со 31% во споредба со претходната година, потоа кај Министерството за транспорт и врски со 28% и кај Министерството за здравство со 17%. Од топ 10 буџетски корисници, само кај Министерството за финансии – функции на државата има намалување од 1% и кај Министерството за здравство со намалување на буџетот за 3% во однос на претходната година.

**Процент на промена на расходите за буџетските корисници во 2018 во однос на 2017 (во %)**




| Доминантни расходи на Централен буџет по буџетски корисници (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|
| БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | Предлог-буџет 2017 | Предлог-буџет 2018 | Промена (%) |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1.787.387 | 2.338.311 | 31% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 6.240.400 | 6.500.000 | 4% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 10.504.687 | 10.241.000 | -3% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | 39.230.954 | 39.033.254 | -1% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 4.600.749 | 5.901.729 | 28% |
| АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | 8.669.966 | 8.635.600 | 0% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 41.448.870 | 43.582.337 | 5% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 25.064.174 | 25.002.838 | 0% |
| ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА | 4.098.169 | 4.318.511 | 5% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 5.596.159 | 6.574.765 | 17% |

За илустрација, ги издвоивме сите министерства во Владата, Собранието, Владата и дел од агенциите што имаат значаен процент во вкупните расходи по буџетски корисници. Од приказот може да се види дека Собранието на РМ учествува со 0,3% во Централниот буџет, и е за 4% намален во однос на планирањето од претходната година.

| Министерства и агенции – Расходи на централен буџет по буџетски корисници (во илј. ден.) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **БУЏЕТСКИ КОРИСНИК** | **Предлог-буџет 2017** | **Предлог-буџет 2018** | **% На расход во вкупни расходи** | **Промена (%)** |
| СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 601.887 | 576.518 | 0,3% | -4% |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1.787.387 | 2.338.311 | 1,3% | 31% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 6.240.400 | 6.500.000 | 3,7% | 4% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 10.504.687 | 10.241.000 | 5,8% | -3% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 335.076 | 312.896 | 0,2% | -7% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 1.094.900 | 1.181.000 | 0,7% | 8% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 1.907.252 | 2.217.161 | 1,3% | 16% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | 39.230.954 | 39.033.254 | 22,1% | -1% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 589.522 | 640.575 | 0,4% | 9% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 626.130 | 651.300 | 0,4% | 4% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 4.600.749 | 5.901.729 | 3,3% | 28% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 851.900 | 1.172.580 | 0,7% | 38% |
| АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | 8.669.966 | 8.635.600 | 4,9% | 0% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 41.448.870 | 43.582.337 | 24,6% | 5% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 25.064.174 | 25.002.838 | 14,1% | 0% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА | 311.529 | 1.486.050 | 0,8% | 377% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 467.588 | 353.645 | 0,2% | -24% |
| ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА | 4.098.169 | 4.318.511 | 2,4% | 5% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 5.596.159 | 6.574.765 | 3,7% | 17% |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 454.381 | 443.594 | 0,3% | -2% |

Во 2018 година е предвидено Буџетот на РМ да биде оптоварен со две нови институции – буџетски корисници, и тоа Агенцијата за примена на јазикот и Инспекторатот за употреба на јазиците, а од друга страна, пак, се укинуваат две институции – буџетски корисници, и тоа Комисијата за верификување на фактите и Советот за јавни набавки, кои, според вредноста на буџетот, се приближни на ново отворените институции.

Буџетските корисници што имаат најмали буџети во 2018 година се Комисијата за заштита од дискриминација, Државниот инспекторат за локална самоуправа и Бирото за застапување на РМ пред Европскиот суд за човекови права, и нивните буџети се предвидува да бидат зголемени најмногу до 10% во однос на претходната година.

| Најмали расходи на Централен буџет по буџетски корисници (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|
| **БУЏЕТСКИ КОРИСНИК** | **Предлог-буџет 2017** | **Предлог-буџет 2018** | **Промена (%)** |
| КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ | 18.990 | 0 | -100% |
| РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ | 9.670 | 10.437 | 8% |
| СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА | 7.,721 | 8.496 | 10% |
| КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА | 5.052 | 5.540 | 10% |
| АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ | 9.243 | 9.450 | 2% |
| АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЈАЗИКОТ | 0 | 8.350 | 100% |
| БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РМ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 4.770 | 5.195 | 9% |
| ИНСПЕКТОРАТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ | 0 | 7.360 | 100% |
| ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ | 7.256 | 6.270 | -14% |
| СОВЕТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ | 74.226 | 0 | -100% |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 5.131 | 5.210 | 2% |

**Најголеми кратења на Расходите за Буџетските корисницни, 2018 споредено со 2017 (во %)**




Процентуално и споредено со претходната година, најголеми кратења има во буџетот на Државната изборна комисија, од 64%, што е разбирливо бидејќи не се предвидуваат избори во текот на 2018 година. Следна институција со најмногу скратен буџет е Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, со 61% во споредба со претходната година.

# ТРАНСФЕРИ НА БУЏЕТ НА РМ ДО ОПШТИНИ

Буџетот на општините претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Приходите на буџетот на локалната самоуправа се обезбедуваат од сопствени извори, дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите, донации примени од земјата и од странство (во стока и пари) и по основа на земање заеми од Буџетот на Републиката, како и од странство со претходна согласност на Владата на Република Македонија. Трошоците, пак, на буџетите на единиците на локалната самоуправа ги сочинуваат тековни трошоци (плати, наемнини и надоместоци, трошоци за набавка на стоки и услуги, тековни трансфери и каматни плаќања); капитални трошоци (купување капитални средства и капитални трансфери) и отплата на главнина за земени заеми.

Од средствата што се добиваат од Буџетот на Република Македонија, во 2018 година наменските дотации за основно образование остануваат исти, додека, пак, ќе се зголемат расходите за блок дотациите за делегирани надлежности по општините, и тоа за 5%. Најголемо зголемување има кај блок дотациите за социјална заштита, и тоа во делот за детска заштита, за 10% повеќе во споредба со 2017 година.

**Преглед на ненаменски и блок дотации за делегирани надлежности по општини за 2017 година**

| Година | "Наменски дотации за основно образование" | Блок дотации за образование | | "Блок дотации за дејности од областа на културата" | "Блок дотации за социјална заштита" | | "Наменски дотации за пожарникари" | "ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА" | "ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА" |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Основно образование | Средно образование | | "Детска заштита" | "Домови за стари лица" | | | |
| 2017 | 3,000,000 | 8,870,000,000 | 4,150,000,000 | 234,035,000 | 1,373,870,000 | 46,130,000 | 310,000,000 | 313,000,000 | 14,674,035,064 |
| 2018 | 3,000,000 | 9,290,000,000 | 4,331,557,000 | 246,684,000 | 1,511,964,000 | 46,130,000 | 310,000,000 | 313,000,000 | 15,426,335,000 |
| "Промена во 2018" | 0 | 420,000,000 | 181,557,000 | 12,649,000 | 138,094,000 | 0 | 0 | 0 | 752,299,936 |

**Наменски блок дотации- општини 2018 споредено со 2017 (во %)**



# ИЗВОРИ


• Граѓански Буџет за 2017 и 2018 г. – Министерство за финансии
• Закон за Буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12).
• Предлог-буџет на Република Македонија за 2017 г.
• Предлог-буџет на Република Македонија за 2018 г.